РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на РС Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20), се доставува


05.01.2021

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | 50 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: <u>вонреден</u>

2. Субјект на надзорот: Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци

3. Датум на извршување на надзорот: 5.1.2021 година.

4. Предмет на надзорот:

Надзорот се врши со цел да се утврди дали операторот на јавна електронска комуникациска мрежа престанал да ги реемитува програмските сервиси кои беа регистрирани во Агенцијата врз основа на Генералниот лиценцен договор (2017 – 2019) склучен помеѓу имателите на правата, ЗАМП и операторите, а чија важност беше заклучно со 31.12.2020 година.

5. Претходно изречени мреки: нема

6. Констатации од надзорот:

Со надзорот беше констатирани дека Трговското радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „HRT 1“, „HRT 3“, „HRT 4“, „Slovenija 1“, „Super RTL“, „ERT World“ и „RTCG“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

<u>ПРЕДЛОГ МЕРКА:</u>

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот:

- да донесе решение со кое на операторот Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис кој не е регистриран во Агенцијата,
- да го информира Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.

Податоци за вработените лица кои го извршија програмскиот надзор:

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**